# MOBBING - WHAT DO WE KNOW AND WHAT CAN WE DO?

**Aneta Spirova**
OOU "Vancho Prke" – Shtip, Republic of North Macedonia, spirovaaneta@yahoo.com
**Vesna Nicheva**
OOU "Vancho Prke" – Shtip, Republic of North Macedonia, vniceva@yahoo.com
**Elizabeta Aleksovska**
OOU "Vancho Prke" – Shtip, Republic of North Macedonia, aleksovska.elizabeta@yahoo.com
**Adriana Ivanova**
OOU "Vancho Prke" – Shtip, Republic of North Macedonia, ivanova.adriana@yahoo.com

**Abstract:** A skill in every person's life is to manage to satisfy all his needs. In the family, with friends, in the environment in which he works, studies, with the people with whom he communicates daily . It would be unrealistic if we looked at all obstacles in life as something from which we will come out stronger than before. In that process of growth, the person changes, develops. A continuous process, which in an invisible way shakes all layers of the soul tissue, equally on an individual and collective level. What about those obstacles that can set us back or leave us with lasting negative consequences? That is exactly why we chose to write on the subject of "mobbing". Senseless violence that can have permanent negative consequences for the person in general, and that happens unnoticed and unsanctioned by the environment in which the person lives.
The topic of mobbing is not new or unknown in the developed world. In our society, unfortunately, mobbing is still not a subject of interest to a sufficient extent, if we take into account the gravity of the problem that it covers. This problem is present in all work organizations, not excluding the institutions where the educational process takes place. A potential basis for mobbing is an unresolved conflict between co-workers which results in a disruption in interpersonal relationships. It is this moment, the moment of disturbed interpersonal relations that is the cause of all further disturbances. Positive personality development is impossible in such relationships with the people who surround us, that is why it is particularly important to talk about overcoming such phenomena in educational institutions, a place where the young person is shaped. It is of great importance for mobbing to speak publicly because one of the reasons for mobbing is the insufficiently transparent atmosphere. The fact that this problem is not talked about enough makes it even bigger than it is. Education on the topic of mobbing and awareness of the existence of this phenomenon, as well as the consequences it leaves on the person, is the key to stopping and preventing mobbing. We will talk about "mobbing" as a reality, something that happens around us, in all layers of our society.
"In the societies of the highly industrialized western world, the workplace is the only remaining "battlefield" where people can "kill" each other without running the risk of being to court". (Hajns Leymann)
**Keywords:** mobbing, violence, people, institutions, education.

# МОБИНГ - ШТО ЗНАЕМЕ И ШТО МОЖЕМЕ ДА НАПРАВИМЕ?

**Анета Спирова**
ООУ „Ванчо Прке" – Штип, РС Македонија, spirovaaneta@yahoo.com
**Весна Ничева**
ООУ „Ванчо Прке" – Штип, РС Македонија, vnicheva@yahoo.com
**Елизабета Алексовска**
ООУ „Ванчо Прке" – Штип, РС Македонија, aleksovska.elizabeta@yahoo.com
**Адриана Иванова**
ООУ „Ванчо Прке" – Штип, РС Македонија, ivanova.adriana@yahoo.com

**Абстракт:** Умешност во животот на секоја личност е да успее да ги задоволи сите свои потреби. Во семејството, со пријателите, во средината во која работи, учи, со луѓето со кои секојдневно на било кој начин комуницира. Би било нереално кога на сите препреки во животот би гледале како на нешто од што ке излеземе посилни од претходно. Во тој процес на растење личноста се менува, се развива. Континуиран процес, кој на невидлив начин ги потресува сите слоеви на душевното ткиво, подеднакво и на индивидуален и на колективен план. Но, што е со оние препреки кои можат да не вратат назад или да ни оставаат трајни негативни последици? Токму затоа одбравме да пишуваме на темата "мобинг". Бесмислено насилство кое

може да има трајни негативни последици на личноста, а да се случува неприметено и несанкционирано од средината во која личноста живее. Темата мобинг не е нова ни непозната во развиениот свет. Во нашето општество, за жал мобингот сеуште не е предмет на интерес во доволна мера, ако се земе во предвид тежината на проблемот кој што го претавува. Овој проблем е присутен на сите нивоа, во сите работни организации, не исклучувајќи ги тука ни институциите во кои се одвива воспитно-образовниот процес. Потенцијална основа за мобинг е нерешен конфликт помеѓу соработници, кој резултира со нарушување во меѓучовечките односи. Токму овој момент, моментот на нарушени меѓучовечки односи, е причината за сите понатамошни нарушувања. Во такви односи со луѓето што не опкружуват невозможен е позитивен развој на личноста, токму затоа посебно е важно да зборуваме за надминување на ваквите појави во воспитно – образовните институции, место каде се обликува младата личност. Од огромно значење за мобингот е да се зборува јавно, бидејќи една од причините за мобинг е и недоволно транспарентната атмосвера. Фактот дека за овој проблем, не се зборува доволно, го прави уште поголем одколку што е. Едукацијата на тема мобинг и сознанието за постоењето на ова појава, како и последиците што ги остава врз личноста, е клуч за стопирање и превенција на мобингот. За “мобингот“ ќе зборуваме како за реалност, нешто што се случува околу нас, во сите слоеви на нашето општество.
“Во општествата на високоиндустриски развиениот западен свет, работното место е единственото преостанато „бојно поле“ каде што луѓето можат да се „убијат“ меѓусебно без да ризикуваат да бидат изведени на суд.” (Хајнц Лејман).

**Клучни зборови:** мобинг, насилство, луѓе, институции, едукација.

## 1. ВОВЕД

Мобингот представува серизно кршење на човечките и работничките права. Општества како нашето кои се во транзиција, посебно се изложени на мобинг. Модернизацијата на државата, брзото темпо на живот и капиталистички начин на работење дополнително создават плодна почва за појава на вакви девијантни однесувања. Барајќи кој термин е поадекватен ”mobbing” или “bulling”, доагаме до сознание дека станува збор за една иста општествена појава, специфичен облик на прикриено, девијантно, на прв поглед тешко уочливо, општествено однесуваење, кое има тешки, многу често трагични последици, како за индивидуата цел на мобингот така и за општествата кои не го санкционираат. Терминот булинг вообичаено се однесува на ваквото однесување помеѓу учениците во училиштата и често вклучува и физичко насилство. Имајќи ја во предвид возраста, законите, социјалните ограничувања, политиките на институцијата во која работат, возрасните насилници(мобери), користат посуптилни тактики. Мобингот вообичаено не вклучува вистинско физичко насилство, станува збор за заплашување, предизвикување ментална вознемиреност, психолошки и емоционален терор кај личноста жртва на мобинг. Мобинг се случува во токсични средини погодни за неговиот развој, како вирусите, им требаат погодни услови за да опстанат. Тоа вообичаено се средини со лошо управување, недостаток на вештини за решавање конфликти, неинформираност и недостаток на свест за мобингот и неговите последици. Скалило над ваквите средини се институциите каде управувачките структури свесно користат тактики на мобинг. Вработените исплашени за своите работни места или „ја вртат главата на другата страна“, или активно учествуваат. Болна средина која предизвикува „имунолошкиот систем на телото да ги уништува здравите делови од себе“.
Одговорен менаџер ќе направи се да ги заштити своите вработени и институцијата со која управува, секако ако препознае што се случува. Тргнувајќи од фактот дека нашиот интерес е насочен кон училиштето како сложена општествена средина, можеби е оправдано да зборуваме користејќи го терминот булинг, но класификацијата на ваквото однесување не води кон тоа дека ваквото однесување во училиштата не е присутно само помеѓу учениците. Жртви на мобингот се и наставниците и останатиот училишен кадар, истовремено и на хоризонтално и на вертикално ниво.

## 2. МОБИНГ - ПОИМ И ДЕФИНИЦИИ

Германско – шведскиот психолог *Hajnc Lajman* (*1932-1999*) прв го дефинирал мобингот како психолошки притисок, непријателска и неетичка комуникација која на систематичен начин е насочена од страна на еден поединец или повеќе од нив, воглавно кон една личност. Жртвата на мобингот на тој начин се доведува во беспомошна ситуација, а постапките на мобинг постојано се повторуваат. Мобингот вклучува напад на честа и угледот, содржи клевети, навреди, сексуално вознемирување, игнорирање, исмејување, закани, кршење на основните човекови права. „Мобингот е како торнадо создаден од пролетен дожд силно емотивен, колективен напад кој ескалира од обичен конфликт.“ Во македонскиот јазик најблизок збор кој го опишува мобингот е пикирање(ме фати на пик), но и кај нас терминот мобинг се прифаќа како најсоодветен термин.

Во секој случа,ј како и да ја наречеме или дефинираме оваа појава, секогаш претставува повреда на достоинството и угледот на секој човек.
*H.Lajman* кон осумдесетите години на минатиот век започнал сериозно да се занимава со ваквиот вид на проблеми во работните колективи. Терминот мобинг го превземал од природните науки користејќи ги истражувањата на австрискиот биолог *Konrad* Lorenz, кој што за мобингот зборувал во контекст на однесувањето на животинските видови. Проучувајќи ги животните навики и однесувањето на животните, *K.* Lorenz приметил кај одредени врсти на птици (чавки, јастреби...) специфично однесување кое го нарекол мобинг. Кога една од птиците од јатото во близина ќе забележела некој од предаторите, почнувала бучно да облетува околу него испуштајќи ужасни, крештави звуци. Со таквото однесување би ги привлекла и останатите птици од јатото, за на крајот сите да се однесуваат на ист начин, исмејувајќи го опасното животно, а во некои случаеви, гаѓајки го со измет или повраќајки по него со неверојатна прецизност. На тој начин го отстранувале предаторот без било каква физичка пресметка. *H.Lajman* забележал слична појава и во човечкото однесување. За разлика од птиците, на кои цел им е единствено опстанокот и борбата за живот, кога се во прашање луѓето целта не е така лесно секогаш да се воочи, а уште помалку да се оправда.
Она што мобингот го издвојува како специфична појава, различна од половата, расната и другите видови дискриминација е фактот дека мобингот се случува единствено во работен колектив, се повторува(минимум 6 месеци), секогаш е свесна активност, со цел нечие омаловажување, навредување, иссмевање, приватно и професионално обезвреднување и конечно со крајна цел елиминација на жртвата од средината.

## 3. МОБИНГ – ПРИЧИНИ И ПОСЛЕДИЦИ

Средината во која постои и се толерира појавата на мобинг, секако не е позитивна средина. Во таква една конфликтна средина првичниот конфликт бргу се заборава, но агресивните намери или недоречените зборови насочени кон одредено лице, учесник во конфликтот, продолжуват да траат и понатаму. Според *H Lajman*, причини за за постоење на мобинг можат да бидат самата организација во работната средина(училница или цел колектив), ниските менаџерски квалитети, и личните карактеристики на лицето, без разлика дали станува збор за мобер или жртва на мобингот. Не секоја конфликтна ситуација, или ситуација на нарушени меѓучовечки односи е мобинг. Конфликтот не може да се нарече мобинг или булинг, доколку инцидентот е изолиран настан или кога двете страни имаат подеднаква моќ во конфликтот. Жртвата ги увидува фактите, но не и е јасно што се случува. Во вртлогот на сплетки, понижувања, закани, психичко малтертирање жртвата го губи своето професионално и човечко достоинство и почнува да се чувствува помалку вреден субјект, кој во своето работно опкружување го губи угледот. Генарално жртвите тргнуваат од самите себе и се обидуваат да се сменат, бидејќи сметаат дека не е логично некој да те повредува без причина. Секако, причините не се затоа што жртвата има некој недостаток, туку затоа што моберот тоа го сака. *Мобинг постапките негативно влијаат врз комуникацијата на жртвата со другите луѓе, врз нејзиниот социјален живот воопшто, личниот углед и* конечно очајната борба за опстанок на жртвата може да заврши со појава на хроничен синдром на умор, психосоматски или депресивни пореметувања, хронични болести и нарушување, напуштајќи ја работата. Статистиката покажува дека во овие институции боледувањата на вработените се почеста појава.

## 4. МОБЕРИ И ЖРТВИ НА МОБИНГ

Мобери или булери се агресори, често однапред детално ги планираат етапите на нападот, имаат свесна намера да му наштетат на оној што го малтертираат. Ретки се оние случаи кога таквото однесување е несвесно. Моберите најчесто се емоцијонално ладни, егоистични, помалку способни, но моќни личности без капацитет за љубов, радост, игра, креативност, давање и делење, најчесто неспособни за било кој вид емпатија кон останатите. Со своето однесување моберите често прикриваат немоќ во некој други сфери на својот личен живот. Мобингот го спроведуват подеднакво и жени и мажи. Стравот и несигурноста се причина поради која моберот формира околу себе група луѓе(слични на него). Со нив тој се чувствува помоќно. Всушност стравот и несигурноста е она што ги поврзува и што е заедничко и кај моберот и кај жртвата. Поради тоа најмоќното оружје против моберот е јасно да покажиме дека не се плашиме од него.
Жртва на мобингот може да биде секој, во одредени околности. Најчесто жртвите се оние најспособните и најкомпентентните бидејки предизвикувааат завист помеѓу колегите. Неретко жртви се и личности со високи морални стандарди кои не се спремни за компромиси, особено кога станува збор за лошо организирана институција, во која работата и одговорностите не се јасно поделени. Мета на мобер често се припадници на малциски групи, различна религија, различно етничко потекло, сексуално определување и слично. Жртвата на мобинг обично е нападната на повеќе полиња истовремено. Секој може да биде жртва на мобинг, но не секој може да биде мобер - тоа зависи во прв ред од моралните квалитети, или поточно

неквалитети на личноста. *H.Lajman* на почетокот на своите истражувања мобингот го дефинирал исклучиво како несексуален облик на злоставување на работа, денес во мобинг се вбројува и сексуалното матретирање, но само она со кое поединецот се уценува и малтретира, за професионално да се дискфаликува и елиминира од работното место.

## 5. МОБИНГ / БУЛИНГ ВО УЧИЛИШТАТА

Мобингот/булингот тешко се идентификува пред се поради својата скриена природа, но и поради своите карактеристики, па лесно се прифаќа како нормално, легитимно однесување, посебно во средина во која се толерира насилно однесување во сите негови облици. Ова во прв ред се однесува на образовните институции каде штетата од игнорирањето на овој вид насилство можеби е најголема. Какви личности ќе се формираат во средина која толерира било каков вид на насилство? Постоењето на мобинг/булинг во образовните институции е реалност, негативно влијае врз личноста(ученик, наставник...), но и на воспитно – образовниот процес, заради кој постојат овие институции. Карактеристика на сите воспитно - образовни институции е фактот дека овде станува збор за најдиректна интеракција(лице в лице) помеѓу лугето, а од квалитетот на таа интеракција зависи остварувањето на суштинските цели на воспитно-образовниот процес - целосно формирање на младата личност и нејзина подготовка за сите понатамошни предизвици во животот. Сите учесници во воспитно образовниот процес истовремено "играат" повеке улоги. Од тоа како ќе бидат одиграни овие улоги зависи успешноста на овој процес на формирање на личноста.

Кога зборуваме за учесници во воспитно-образовниот процес, во прв ред мислиме на наставници, воспитувачи, инструктори, управители, педагози, психолози од едната и од другата страна учениците, првенствено во улога на ученици, потоа во улога на воспитаници, недооформени личности кои од тој, воспитно-образовен процес ке излезат како комплетни личности, кои истовремено минуват и низ една специфична борба за докажување помеѓу себе. Ироничен е фактот дека наставниците кои најодговорно треба да ја преземат улогата на насочувач на меѓучовечките односи во одделението и во случај на мобинг помеѓу децата спремно да интервенираат и самите се дел од такви и слични акти на социјално насилство зад зидовите на наставничката канцеларија. ***Може ли мобиран наставник да влијае на позитивна клима во училницата и пошироко во училиштето?***

Училишниот двор е идеално место за вакви насилни однесувања. Големиот број деца кои секојдневно се срекаваат во училиштето, разликите помеѓу нив, желбата за докажување кој е најдобар, најсилен, се само една од причините кои можат да поттикнат насилство, психичко и морално малтертирање и други софистицирани насилни однесувања како и колективно понижување. Наставниците од кои се очекува да бидат пример со своето однесување, разумно и одговорно да интервенираат на ваквите конфликти помеѓу учениците и самите со своето однесување понекогаш претставуват лош пример за учениците. Училиштето е особено стресна средина. Озборувањата и психичкото насилство и овде се реалност. Без разлика дали станува збор за наставниците или учениците, мобингот или булингот се штетни за индивидуата, наставата и воопшто за заедницата во која се случуват. И овде важи правилото – Мобинг - Информирај се препознај го!

Примери за мобинг/булинг во реална воспитно-образовната средина има, дел од нив се јавни, запишани во литературата на оваа тема, што се повеќе ја има.

„Тања е наставничка во едно училиште, интелигентна, инвентивна, одговорна, послушна, тивка, повлечена... Тања, ја сака својата работа и остварува извонредни резултати со децата. Таа е најмногу наградувана, како и учениците на кои им предава. Колегите ја фалат, учениците ја сакат... Со сите во колективот е коректна и не може да прифати дека луѓето дотолку можат да се мразат, да си завидуваат еден на друг. Но каде настанува проблемот? Во истото училиште работи и сопругата на директорот на училиштето. Директорот е склон кон авантури. Неговата сопруга се плаши од Тања. Директорот на училиштето ги контролира сите нејзини контакти за конкурси и награди. Не дозволува директна комуникација. Бара таа секогаш да биде во негова близина и внимателно да ја следи нејзината работа, ја претрпува со обврски кои таа со задоволство ги извршува иако не мора. Зборови на Тања: "Приближувањето кон лугето обично се завршува катастрофално. Озборувањата ја преминаа границата, на некои одговарав махерски, а заради некои со солзи се враќав дома." Развој на мобингот: Секоја постапка на Тања предизвикува потсмев и понижување. Следи омаловажување пред учениците, подсмев и игнорирање од колегите. Тања чувствува страшна омраза во канцеларијата за наставници и цела година поминува во училницата со децата. Тања не гледа излез - "Јас не сум веќе јас, туку некое отстрането суштество од друга планета, непожелно за сите, полно со омраза и горчина". Епилог: Овие случувања траат долго(подолго од 6 месеци). Тања завршува во болница сакајќи да си го одземе животот, сита самата од себе, својата наивност, но и од нивната упорност да ја уништат до крај. ***Дали постои излез од вакните ситуации?***

“Јас бев пикиран. Лугето мислеа дека сум ништо и ми зборуваа се што сакаа. Секој ден се чувствував отфрлен. Не дека беа насилни се повеке и повеке, но јас се чувствував како да ме третираат како прашина...“(16 год. момче)

“Понекогаш се чувствувате како да умирате, затоа што не можете да се соочите со тоа“.(15 год. девојка)

## 6. ШТО МОЖЕМЕ ДА НАПРАВИМЕ - КАКО ПРОТИВ МОБИНГ?

Искуствата од долгогодишната практика на советување и пружање помош на жртвите на мобинг, зборуваат дека мобингот може да се избегне доколку се реагира навреме. Овој ескалирачки процес во кој лицето кое се конфронтира завршува во инфериорна позиција, или станува цел на систематски негативно насочени социјални напади, не оди во прилог ниту на оној кој го планира, ниту на жртвата, најмалку на средината во која се случува. Сите овие негативни ефекти се доволни да работиме на изнаоѓање начини за негово спречување, или ако веке се појави, негово најбезболно надминување. Колку нештата повеќе ги познаваме, толку повеќе ги владееме, затоа:

**Сознанието е клуч за превенција (“Awareness is the key to prevention”)**

Да се знае што е мобинг, значи и да се препознае ваквото однесување во средината во која се наоѓаме. Со самото тоа што ќе биде препознаено, ваквото однесување може да биде и спречено и санкционирано од лицата кои знаејќи за што станува збор, ке го осудат, или едноставно ќе сакат да помогнат. Ќе се посочи лицето кое се однесува на таков начин, не водејќи сметка при тоа што иницијаторот на мобинг ќе направи или ќе каже. Самото сознание би требало да охрабри да се размислува во правец на преземање на превенција или стопирање на ваквото однесување, во прв ред да овозможи да се направи разлика помеѓу нормално однесување и мобинг однесувањето. Мобинг однесувањето не е возможно ако луѓето не учествуват во него. Ова ги вклучува сите. *K.*Westhues канадски социолог, сите карактеристики на мобинг однесувањето наведени досега ги става во една група наречена „мобинг сигнали“, сакајќи со тоа да ги направи видливи и универзални, со што би ја подигнал свеста за потребата од проучувањето на оваа појава и нејзино препознавање.

Кога зборуваме за превенција, во прв ред мислиме на совети или препораки за евентуалните жртви на мобинг, сите во правец да и се помогне на најдобар начин и на крај доколку нема друго решение, жртвата да ја промени токсичната средина, како последно решение за ваквите бесмислени измачувања. Фактот дека станува збор за намерно планирано однесување помеѓу лугето, остава простор истото да биде надминато со постапките и со свеста на лугето, односно нивната едукација во тој правец. Важно е да се зборува јавно, да се спроведе адекватна едукација на сите нивоа. Една од причините за мобинг е и недоволно транспарентната атмосвера. Испитувањата покажале дека во конкретни средини процентот на оние кои не знаеле што значи мобинг бил над 90 %, за да после едукацијата исто толку односно над 90 % од нив навеле пример за мобинг.

Превенцијата на мобингот се однесува на сите субјекти кој на било кој начин се вклучени во средината во која се случува ваквото однесување. Гласното зборување и едукацијата на оваа тема ќе влијае на двете страни во оваа приказна. Важно е “да направиме било што, од ова само да не дозволувиме преку таквото однесување да се помине молчешкум, бидејќи токму тие што малтертираат, моберите, тоа го сакаат”.

## 7. КАКО ПРОТИВ МОБИНГ ВО УЧИЛИШТАТА

Мобингот или булингот, во секоја средина влијае негативно. Ваквото насилство во училиштата добива уште поголемо значење со фактот дека училиштето е средина чија основна функција е формирање на личноста со сите нејзини особини. Во напорите да се спречи мобингот во училиштата неопходно е да бидат вклучени сите учесници во наставата како и родителите и останатите фактори во општеството.

Со право на прво место во превенцијата се наставниците. Тие во овој процес можат да придонесат како набљудувачи на однесувањето на учениците и колегите, но и во негативна конотација, како учесници во ваквото однесување, односно можни мобери. Злоупотреба е злоупотреба, а некои од наставниците ја занемаруват оваа појава, толкувајќи го ваквото однесување како недисциплина, со што и самите придонесуват да се вжешти состојбата. Таквите наставници или се несвесни за она што го прават или се во погрешна професија. Да се сопре ваквото однесување помеѓу учениците е тешко кога заедницата постојано покажува исто такво однесување. Во секој случај примерот е најмоќна воспитна алатка, посебно кога зборуваме за некакво однесување. Вклучувањето на наставниците во прв ред значи нивна едукација за тоа што е мобинг, како да го препознаат, можни последици и на крај ако веке препознаат такво однесување како да го спречат и да ги ублажат последиците. Во напорите да се спречи мобинг однесувањето секој мора да преземе одговорност за своето однесување. Одговорност имаат сите, но можеби најголема е одговорноста што родителите треба и мора да ја преземат за своите деца. Родителите ја имат најважната задача во подготовката на децата за социјалниот живот надвор од дома. Децата се разликуваат во тоа колку лесно и

бргу стануваат социјално компетентни но како и да е се почнува со родителите. Пристапот кон сите деца не е исти, нема магична формула за успех, ниту некоја непозната состојка. Во пракса сите деца бараат “супер родителска грижа”. Детето кое расне во средина во која не се почитуваат позитивни вредности има потенцијална основа за развој во човек, возрасна личност па и родител кој ќе поттикнува и учевствува во насилно однесување. Постои врска помеѓу нивото на агресија што го прифаќаме во детството и понатамошните акти на насилство во животот. Тоа е причина повеке, ние било како родители, или како наставници сериозно да му пристапиме на овој проблем.
Превенцијата е прво нешто кон што треба да се стремиме, но ако тоа не успее, треба да размислиме како да и помогнеме на жртвите. Кога зборуваме за превенција, во училиштата таа мора да биде составен дел од вкупната организација во училиштето. Превенцијата против било кое насилство е составен дел од сите нивоа на функционирање на училиштето во целина. Мобингот или булингот во било која форма е неприфатлив, затоа раната интервенција е најважна. Понекогаш е потребно и на насилникот да му се помогне да свати што е тоа што го прави. Можеби и самиот под дејство на одредни настани или околности е втурнат во таквата ситуациа и при тоа не е свесен што прави, со што и самиот е ставен во позиција на жртва. Казната како природна реакција на луѓето кај булингот нема ефекти. Таа може да биде и причина за нови агресии. Агресијата продуцира агресија па проблемот може да стане и поголем. И физичка интервенција е неприфатлива, секако некој повредува. Во секој случај важно е да се постигне баланс помеѓу предизвиканата вознемиреност кај жртвата од едната страна и агресивноста на насилникот и неговата рехабилитација од другата страна, со цел нормално функционирање и на двете страни во средината во која опстојуват. Сепак целта е да се намали негативното влијание врз воспитно – образовниот процес и сите учесници во него. Позитивни решенија се можни само во услови на добри меѓучовечки односи. Булингот, односно мобингот е сериозен проблем, насилниците мора да се спречат и третират, има многу да се направи, превенцијата и спречувањето ги вклучува учениците, родителите, наставниците, како и другите надворешни и внатрешни фактори.

## 8. СВЕТСКА СТАТИСТИКА И ЗАКОНСКИ РЕГУЛАТИВИ

Во нашата држава жртвите на мобингот најчесто не знаат кому да се обратат за помош. Во поново време се зголемува бројот на здруженија кои се занимаваат со човечки и работнички права, кои во своите програми стават акцент и на проблемот на мобингот. Постојат здруженија кој се занимаваат исклучително со овие проблеми, овде жртвите можат да добијат адекватна психолошка помош, совети и подршка. Во светот одамна постојат специјализирани клиники за помош на жртвите на мобингот, постојат и фирми кои сами ангажираат стручни кадри(психолози, социолози, медицински работници) кој ја следат работната атмосфера и меѓучовечките односи во колективот, обучени да помогнат, со цел на време да ја спречат ваквата појава. Статистичките податоци од истражувањата правени насекаде во светот укажуват на поврзаност помеѓу културните разлики кај лугето, толеранцијата кон физичко и психичкото малтертирање и информираноста на лугето. Кога зборуваме за мобинг зборуваме за култура на комуникација, која во голем дел може да биде показател на состојбата во која се наоѓа едно општество. Статистиката покажува дека најниско ниво во тој поглед имаат медитеранските земји, во кои ваквото однесување често останува незабележано, толерирано.
Едно од првите истаржувањата спроведени во текот на 2000 год. во земји членки на Европската Унија од страна на “European Foundation for the Improvement of Living and Working Conditions“ покажуват разлики во процентот на жртвите од мобинг помегу самите држави членки. Финска во тој период се спомнува како држава со највисок процент на жртви на мобинг, додека најмал бил процентот во Италија и Португалија. Овие податоци денес се променети, гласното зборување на оваа тема и законските регулативи влијаеле на подобрување на состојбите. Европски држави кои први го ставиле мобингот во законска рамка и истиот со закон го санкционирале се Шведска, Норвешка, Франција и Швајцарија. Во овие земји моберот кривично одговара, а жртвата може да бара одштета за нанесената штета. Мобингот е ставен на дневен ред како реална појава и во рамките на европскиот парламент и во тој правец нагласена е потребата од информираност, едукација и дефинирање на заеднички закони кои би овозможиле адекватна превенција од мобинг. Во нашата држава прв обид ова однесување да се стави во законска рамка со можност да се санкционира е воведувањето на измени во Законот за работни односи со донесување на “Закон за дополнување на законот за работни односи”објавен во Службен весник на РМ, бр. 114 од 14.09.2009 год. со додавање на Член 9-а кој гласи: “Психичко вознемирување на работно место(мобинг). Обидите за посериозно ставање во законска рамка продолжуват со донесување на Закон за заштита од вознемирување на работно место објавен во Службен весник на РМ, бр. 79 од 31.05.2013год., изменет и дополнет со указ објавен во Службен весник на РМ, бр. 147/2015. Во поново време одговорните институции и компании, во рамките на нивните надлежности, а во согласност со донесениот закон донесуват правилници или упатства

за заштита од вознемирување на работно место. Министерот за образование и наука вакво упатство има днесено 06.07.2020год. Во тек е изработка на нов закон за заштита и спречување од вознемирување на работно место во рамките на Министерството за труд и социјална политика, за да се надминат недостатоците на постојното законско решение воочени при неговата примена. Во нашата држава бројот на пријави за мобинг од година во година се зголемува. Во 2022 год се поднесени 48 пријави за мобинг на работно место, од кои 33 во јавниот, а само 15 во приватниот сектор. Досега има само два случаи на донесена пресуда за мобинг. Едно од поновите истражувања направено од страна на здружението „Гласен текстилец“ од Штип, „Истражување за начинот, опсегот и влијанието врз вознемирувањето врз жртвите на мобинг„ спроведено на испитаници претежно во текстилни фабрики, покажува дека има поместување во позитивна насока во информираноста, но сепак недоволно. Добиените резултати од истражувањето се јавни, презентирани на нивната веб страна. Поразително е тоа што 53% од испитаниците изјавиле дека не знаат како да се заштитат од мобинг, 69% од нив изјавиле дека преземањето мерки им донело понеповолни услови од претходно, 70% немат доверба во судските постапки и само 10% од испитаниците иницирале судска постапка.

## 9. ЗАКЛУЧОК

Како и да го наречеме, мобинг, булинг, или едноставно наилство, нема да ги намалиме последиците што ваквото насилство ги предизвикува. Насилство е насилство. Физичко, психичко, морално, во било која форма тоа е неприфатливо, и нанесува штета на личноста што го доживува и на средината во која живее. Мобингот постои, тоа е реалност. Последиците од него се огромни. Едукацијата на тема “МОБИНГ-што знаеме за него и како да се справиме“ секако придонесува и овој вид насилство да се стави во редот на сите други агресивни, насилни однесувања кои се ставени во законска рамка и истите се санкционираат. Само така можеме да придонесеме за надминување, па и целосно спречување на ова специфична појава на девијантно, општествено однесување, често со трагични последици, како по жртвата , така и по семејството на жртвата. но и по самото општество.

Сознанието е клуч за решение на оваа појава. Да се информираме, да го препознаеме и она што е најважно да направиме било што, но да не дозволиме мобинг постапките да продолжат, тие не му одат никому во прилог. Досегашната пракса покажа колку тешки можат да бидат изговорените зборови, упатените погледи или тишината. Колку некој поради тоа може да страда и какви можат да бидат последиците. Да се биде и само нем сведок, во случај на мобинг, значи да се учествува во ова насилно, морално и психичко малтертирање. Токму тоа се моментите на кои можеме да влијаеме сами и тоа веднаш и каде, ако не во прв ред во образовните институции.

## ЛИТЕРАТУРА

Татјана, С. И., Ана Ф., & Елизабета, Т. И. (2019). Насилство во училиште: Социолошки, психолошки и педагошки перспективи. Институт за европски образовни, социо-културни и економски политики ЕВРОПА ЗА ТЕБЕ, Скопје.

„Компаративна анализа Мировно образование 2011-2019“, (2020). Прва детска амбасада во светот „Мeѓаши“

Einarsen, S., & Nielsen, M.B. (2015). Workplace bullying as an antecedent to job insecurity and intention to leave: A 6-month prospective study. Numan Resource Management Journal.

Namie, G., & Namie, R. (2009). The bully at work: What you can do to stop the hurt and reclaim your dignity on the job. Sourcebooks, Inc.

Einarsen, S., Hoel, H., Zapf, D., & Cooper, C.L. (2011). The concept of bullyng at work: The European tradition. In Bullying and harassment in the workplace: Developments in theory, research, and practice. CRC Press.

Evans J. (2021). 10-te Osnovni Komunikaciski Vestini. Prezemeno od https://mk.warbletoncouncil.org/habilidades-comunicativas-basicas-4080#menu-7 .

Managing and Resolving Conflict. Prevzemeno od https://globalpeacecareers.com/magazine/conflict-resolution-books/

Hornaj, K. (2019). Vnatre[ni konflikti.Gurga, Skopje.

http://www.bullyonline.org/workbully/mobbing.htm

https://jurfem.com.ua/en/legal-regulation-of-mobbing-national-and-international-experience-part-1/

https://www.researchgate.net/figure/45-mobbing-actions-by-Heinz-Leymann-1990-33-34_tbl1_349301261

https://www.overcomebullying.org/mobbing-bullying.html

http://www.bullyonline.org/workbully/mobbing.htm

http://www.leymann.se

http://books.google.com “Bullying: a practical guide to coping for schools”, Michele Elliott

http://books.google.com "School mobbing and emotional abuse:see it, stop it, prevent it, with...", Gail Pursell Elliott. 2003, New York
"Случаи на мобинг", Вера Кондик. Регионален проект Фондација "Fridrih Ebert" превземено од https://skopje.fes.de/mk/
http://www.mobbingportal.com/teachers.html
http://www.working-in-germany.com/about-bullying-0081.html
https://glasentekstilec.mk/